# ПРАВИЛНИК

## за Фондот за солидарна помош на Здружението на судиите на Република Македонија

**(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој Правилник се уредуваат начинот на издвојувањето и изворите на средствата на Фондот за солидарна помош на Здружението на судиите на Република Македонија (во натамошниот текст: Фонд), основите за користење на средствата на Фондот, постапката за остварување на правата и друго.

## II. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

**Член 2**

(2) Фондот се финансира од следниве извори:
- од членарината на членовите на Здружението на судиите на Република Македонија;
- од спонзорство и донаторство;
- од дополнителни прилози и подароци на правни и физички лица и
- од други извори.

**Член 3**

(1) Дел од членарината на членовите на Здружението на судиите на РМ, во висина од 1/4 (една четвртина), се издвојува за Фондот за солидарна помош.

(2) Овие средства, во утврдениот процент, автоматски се издвојуваат и се користат врз основа на одлука на Комисијата за Фондот за солидарна помош.

**Член 4**

(1) Средствата од Фондот коишто нема да се искористат во текот на годината, се пренесуваат во Фондот за наредната година.

(2)Доколку износот на средства на сметката на Фондот за солидарна помош се зголеми петкратно за една година, со одлука на Управен одбор на Здружението на судиите на РМ може да се изврши нивна пренамена

(3)Овој износ се утврдува почнувајќи од првиот месец по донесување на одлуката на Управен одбор за месечно идзвојување на средства за Фондот за солидарна помош на ЗСРМ.

## III. КОРИСНИЦИ НА ФОНДОТ

**Член 5**

(1) Корисници на средства на Фондот се членовите на Здружението на судиите на РМ коишто уплатуваат средства, согласно со одлуката за финансирање средства.

## IV. ОСНОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ФОНДОТ

**Член 6**

(1) Право на користење средства од Фондот стекнуваат сите членови на Здружението на судиите на Република Македонија, коишто се и автоматски членови на Фондот, после шестмесечно членување, според следниве основи:

- Еднократна парична помош за подолготрајно боледување и трајно телесно оштетување;
- парична помош за смрт на член на Здружението;
- парична помош за потешки последици од елементарни непогоди;
- парична помош за лекување во земјата и странство за член на Здружението.

1. **Еднократна парична помош за подолготрајно боледување и трајно телесно оштетување:**

**Член 7**

(1) Еднократната парична помош по основ на непрекинато боледување се стекнува во случај:

- кога членот е спречен да работи повеќе од 90 календарски денови.

**Член 8**

(1) Еднократната паричната помош, согласно со претходниот член, ја имаат сите членови на Здружението коишто поради болест отсуствувале од работа и доколку нивната плата се намалила за време на траењето на отсуството од работа поради болест.

(2) Висината на паричната помош, во овој случај, е во ист износ колку што помалку му е исплатено на членот на Здружението за време на спреченоста за работа поради болест.

(3) Исплатата на еднократната парична помош се врши откако членот, по заклучувањето на боледувањето, ќе поднесе барање за исплата на паричната помош со писмени докази на висината на помалку исплатената плата поради спреченоста за работа и отсуството поради болест.

**Член 9**

(1) Во случај членот на Здржението, поради несреќа во текот на работата, или за време на доаѓање на работа, или при враќање назад до местото на живеење, претрпи телесно оштетување до 70% има право на еднократна парична помош во висина до 70% од просечната плата исплатена во Република Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

(2) Во случај членот на Здружението, поради несреќа при работа или при доаѓање на

работа и враќање до местото на живеење, претрпи телесно оштетување до 100%, има право на еднократна парична помош во висина од просечна плата исплатена во Република Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

(3) Барањето за парична помош по овој основ се доставува во рок од 30 дена по заклучувањето на боледувањето.

(4) Исплатата на паричната помош зависи од средствата со кои располага Фондот во време на поднесеното барање.

2. **Парична помош за смрт на член на Здружението:**

**Член 10**

(1) Во случај на смрт на член на Здружението, семејството на починатиот има право на еднократна парична помош во висина од една просечна плата исплатена во Република Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

(2) Барањето за парична помош по овој основ, со приложени докази за настанатата смрт, се доставува во рок од 30 дена од настанот.

(3) Исплатата на паричната помош зависи од средствата со кои располага Фондот во време на поднесеното барање.

3. **Парична помош за потешки последици од елементарни непогоди:**

**Член 11**

(1) Во случај членот на Здружението да претрпи потешки последици од елементарни непогоди (поплава, земјотрес, пожар и друго) на објект во којшто живее тој и неговото семејство, има право на парична помош во висина од најмногу две просечни плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

(2) Во случаите од став 1 од овој член, паричната помош за претрпена штета се одобрува врз основа на писмени докази, потврда и слично, издадени од соодветен орган. Во која висина ќе се исплатува паричната помош во овој случај одлучува Комисијата за Фондот за солидарна помош, за секој случај поединечно.

(3)Барањето за парична помош по овој основ се доставува во рок од 60 дена од настанувањето на елементарната непогода.

(4) Исплатата на паричната помош зависи од средствата со кои располага Фондот во време на поднесеното барање.

4. **Парична помош за лекување во земјава или во странство за член на Здружението:**

**Член 12**

(1) Во случај на потешка болест, набавка на лекарства, помагала и слично, коишто се потребни за лекување во земјата или во странство, членот на Здружението или сопруг/а и неговите деца има право на парична помош.

(2) Во случаите од став 1 на овој член, кога на членот на Здружението или сопруг/а и неговите деца му е одобрено лекување во земјава или во странство, со решение издадено од Фондот за здравство при Министерството за здравство, правото на парична помош се остварува само на делот којшто тој самиот го партиципирал за лекување во странство, но не повеќе од две просечни плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

(3) Барањето за исплата на паричната помош во случаите од овој член се доставува до Комисијата на Фондот за солидарна помош, поткрепено со писмена документација којашто се однесува на упатување за лекување на членот или сопруг/а и неговите деца во странство, како и за висината на средствата коишто самиот ги партиципирал за тоа лекување.

(4)Исплатата на паричната помош зависи од средствата со кои располага Фондот во време на поднесеното барање.

## ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

### Член 13

(1) Членовите на Здружението, за користење на некое право утврдено со овој Правилник, барањето го поднесуваат до Комисијата за Фонд за солидарна помош при Здружението на судиите на Република Македонија.

(2) Со барањето задолжително се поднесува и потребната документација.

### Член 14

(1) За барањето одлучува Комисијата за Фондот за солидарна помош при Здружението на судиите на Република Македонија

(2) За исклучителни случаи коишто не се предвидени во овој Правилник, Комисијата одлучува за парична помош којашто не е повисока од една просечна плата исплатена во Република Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

### Член 15

(1) Против Одлуката на Комисијата за Фондот за солидарна помош барателот има право на жалба до Управниот одбор на Здружението на судиите на РМ, во рок од 8 дена по приемот на Одлуката.

(2) Одлуката на Управниот одбор на Здружението на судиите на РМ е конечна.
(3) Надзор над работата на Комисијата за Фондот за солидарна помош врши Надзорниот одбор на Здружението на судиите на РМ.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

(1) Административно-техничките работи за фондот за солидарна помош ги врши

стручната служба на Здружението на судиите на Република Македонија.

**Член 16**

(1) Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на ист начин и во иста постапка по којашто е донесен.

(2) Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето.

Скопје, 21.12.2017 година